| **1.Подобрување на планирањето за следење и оценување на постигањата на учениците во сите видови на планирања на воспитно-образовната работа на училиштето** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Реализатори** | **Целна група** | **Ресурси** | **Инструменти** | **Следење** | **Временска рамка** | **Индикатори за успех** |
| Анализа на долгорочни и краткорочни планирања | Стручни соработници Директор | Наставници | Постоечки планирања | Чек листи | Анализа и извештај | Август-септември | Насоки за подобрување |
| Изготвување на Програма за следење и оценување на постигањата на учениците во рамките на Годишната програма на училиштето | Стручни соработници Директор | Наставници | Годишна програма на училиштето | | Увиди, извештаи | Август | Квалитетна програма за оценување |
| Подобрување на планирањата за следење и оценување на учениците | Наставници | | Годишни и тематски планирања | Инструмент за следење планирања | Увиди, извештаи | септември | Квалитетни планирања |

| **2.Организирање обуки за унапредување на следењето и оценувањето на постигањата на учениците** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Реализатори** | **Целна група** | **Ресурси** | **Инструменти** | **Следење** | **Временска рамка** | **Индикатори за успех** |
| Увид во постоечките инструменти кои се користат во училиштето за следење и оценување | Стручни соработници Директор | Наставници | Планирања, портфолија | Чек листи | Анализа и извештај | септември | Добиени сознанија за квалитет |
| Изготвување на план за видот на обуки кој е потребен | Тим за професионален развој | Наставници | Планови за личен професионален развој | | Анализа и извештај | октомври | Реализирани обуки |
| Организирање на интерни обуки и дисеминац. | Тим за професионален развој | Наставници | Материјали за обука | Листи за евалуација | Анализа и извештај | Според Акциониот план | Подобрени инструменти за следење и оценување |

| **3.Планирање, спроведување и следење на формативното оценување** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Реализатори** | **Целна група** | **Ресурси** | **Инструменти** | **Следење** | **Временска рамка** | **Индикатори за успех** |
| Изготвување инструменти за формативно оценување | Наставници, стручни активи | Наставници | Применети инструменти, стручни материјали | | извештаи | Во текот на учебната година | Подобрен квалитет на формативното оценување |
| Следење на ефектот од примената на формативното оценување | Стручни соработници Директор | Наставници | Анкети со ученици и родители Анализи на успехот на учениците | Инструменти за следење | Анализа и извештај | Во текот на учебната година | Позитивни ефекти кај учениците и родителите |
| Презентирање на практични искуства од примената на формативното оценување | Стручни активи | Наставници | Нагледни часови | Изготвени материјали од наставници | Записници од Стручни активи | Во текот на учебната година | Размена на искуства и подобар квалитет |

| 4.Планирање, спроведување и следење на сумативното оценување | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Реализатори** | **Целна група** | **Ресурси** | **Инструменти** | **Следење** | **Временска рамка** | **Индикатори за успех** |
| Обезбедување информации за индивидуалниот напредок на учениците | Стручни соработници Директор | Наставници и ученици | Применети инструменти | | Анализа и извештај | Септември-ноември | Добиени сознанија за подобрување на квалитет |
| Усовршување на критериумите за оценување | Стручни активи | Наставници | Портфолија на наставниците | Инструменти за следење | Анализа и извештај | Континуирано | Квалитетни критериуми |
| Следење на квалитетот и објективноста на оценувањето | Стручни соработници Директор | Наставници | | Инструменти за следење | Анализа и извештај | континуирано | Усогласено и квалитетно оценување |

| 5.Промоција на постигнувањата на учениците | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Реализатори** | **Целна група** | **Инструменти** | **Следење** | **Временска рамка** | **Индикатори за успех** |
| Учество на натпревари и конкурси | Наставници, ученици | Ученици | | Анализа и извештај | | Постигнати резултати |
| Пофалување на ученици | Оддел. совети, наставн.совет | Ученици | | Анализа и извештај | континуирано | Пофалени ученици |
| Избор на првенец на генерација | Комисија, Наставнички совет | Ученици | Изготвени критериуми | Анализа и извештај | На крај на учебна година | Наградени ученици |

*15.2 Професионална ориентација на учениците*

Тим за професионална ориентација на учениците: Андријана Тасевска, Анита Матевска, Лидија Петровска, Игор Зафировски, Александар Милојевиќ, Наташа Јаковческа, Радмила Чипан, одделенски наставници и одделенски раководители.

**АКТИВНОСТИ НА ТИМОТ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ**

| Содржина и активности | Цели | Стратегија (методи, форми) | Носители соработници | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Презентирање на Програмата за професионална ориентација | Запознавање на училиштето и учениците со активностите на програмата | индивидуален и групен разговор, наставнички совет, родителски средби | психолог, ученици, директор, наставници, Совет на родители | IX месец | Воспоставување соработка помеѓу сите структури |
| Систематско запознавање на учениците од прво до петто одделение преку наставата и од шесто до деветто одделение со разни видови струки и занимања. | Информирање и поттикнување на учениците да размислуваат за различни видови занимања. | групни посети на работни организации, излагања од стручни лица, настава | наставници, стручни лица од разни занимања, психолог, педагог | Од I до V според наставните програми, од VI-IX на одделенските часови | Побудување кај учениците интерес за струките |
| Вклучување на родители со презентација на одредени занимања | Интеграција на родителите | презентирање, демонстрирање | родители, ученици, наставници, психолог, педагог | Во текот на целата учебна година | Зголемен интерес кај учениците за разни занимања |
| Воспоставување на контакти родител-одделенски раководител – психолог | Координација и вклученост на повеќе субјекти | Разговор | Родители, одделенски раководители, психолог | Во текот на целата учебна година | Помош при информирањето и определувањето за идното занимање |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Водење на евиденција со податоци за секој ученик | Вкрстување на податоците и советување на ученикот; Размена на информации на релација основни-средни училишта | Податоци за интересите, способностите, успехот, социјалната и емоционалната состојба на ученикот | психолог | Во текот на целата учебна година | Успешен премин на ученикот од основно во средно училиште |
| Спроведување на Програмата за професионална ориентација од страна на училишниот психолог | Континуирана поддршка на учениците | Презентации, тестови, анкети, работилници | Психолог, одделенски раководители | во текот на учебната година | Полесно определеување на идната струка/занимање |
| Презентирање на промотивен материјал од средни училишта. | Помош при информирањето на учениците и родителите | штандови со промотивен материјал | Ученици, психолог, одделенски раководители | април, мај | Споделени релевантни информации |
| Изготвување на извештај за спроведените активности | Планирање на работата за следната учебна година | | психолог | јуни | |
| Водење евиденција за опфатот на ученицит до нашето училиште во средните училишта. | Следење на процесот на образование на учениците | Листи со податоци од средните училишта | психолог | септември следната учебна година | |

**Прилог 26: Програма за професионална ориентација**

***15.3 Промоција на добростостојбата на учениците, заштита од насилство, злоупотреба и запуштање, спречување на дискриминација - Превентивни програми и програми за поддршка на учениците***

| ***Вид на програма*** | ***Цел на програмата*** | ***Целна група*** | ***Реализатор/соработници*** | ***Време на реализација*** |
|---|---|---|---|---|
| Вие не ја земате дрогата-дрогата ве зема вас | Стекнување свесност за ризиците и последиците од земањето дрога | Ученици од VIII и IX одделение | Психолог, одделенски раководители, стручни лица | Декември-февруари |
| Алкохолот-кобна капка која го уништува животот | Стекнување свесност за ризиците и последиците од конзумирањето алкохол | Ученици од VII одделение | Психолог, одделенски раководители, стручни лица | Декември |
| Безбедно на интернет | Правилно и етичко користење на интернетот | Ученици од VI одделение | Психолог Наставник по информатика | Октомври-ноември |
| Трговија со луѓе | Да се едуцираат и информираат учениците за човековите права и правата на децата, за родовото насилство и трговијата со луѓе | Ученици од V одделение | Психолог, одделенски раководители, стручни лица | Ноември – декември |
| Превенција на насилно однесување | Намалување на форми на насилно однесување | Ученици од VII, VIII и IX одделение | Тим за превенција од насилно однесување | Октомври-март |
| Заштита и унапредување на менталното здравје | Стекнување вештини за унапредување на сопственото ментално здравје | Ученици од сите одделенија | Психолог | Во текот на целата учебна година |
| Програма за професионална ориентација на учениците | Поддршка на учениците за успешно продолжување на образованието | Ученици од VIII и IX одделение | Психолог, наставници | Во текот на целата учебна година |

## 16. Оценување

### *16.1 Видови оценување и календар на оценување*

Следењето на постигањата и оценувањето на учениците ќе биде формативно и сумативно, врз основа на стандардите за оценување и усолгасените критериуми изготвени на ниво на училиште и од страна на секој наставник.

Следењето на постигањата и оценувањето во училиштето се врши континуирано во трите воспитно-образовни периоди со тоа што:

-во првиот период (I-III одделение)учениците, и оние кои наставата ја следат според ИОП, се оценуваат описно и на крајот од учебната година добиваат свидетелство со описни оцени;

-во вториот период (IV-VI одделение)учениците на крајот на прво полугодие добиваат известување за успехот со описни оценки, а на крајот на учебната година добиваат свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.

-во третиот период (VII-IX одделение) учениците се оценуваат бројчано.

Во вториот и третиот период, постигнувањата на учениците кои следат настава според ИОП може да се оценуваат описно и бројчано. Начинот на оценување на учениците со попреченост се прилагодува согласно со нивните потреби.

Оценувањето се врши според изготвена Постапка за оценување на учениците, а во текот на учебната година ќе се вршат анализи на успехот, поведението и редовноста на учениците по паралелки, наставни предмети, како и споредбени анализи на ниво на училиште.

Во однос на писмените проверки (тестови, писмени работи, контролни задачи) ќе биде изготвен распоред, истиот ќе биде истакнат во Наставничката канцеларија и со него ќе бидат запознаени учениците и родителите.

Политиката на оценување ќе се спроведува според изготвена Програма и акционен план.

***16.2 Тим за следење, анализа и поддршка***: директор, стручни соработници, претседатели на Стручни активи.

### *16.3 Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно образовниот кадар*

Целта на следење, вреднување и унапредување на образовната и воспитната работа на училиштето е да обезбеди стручен приод во анализирањето и проценувањето на педагошкиот квалитет на дејноста што ја остварува училиштето и на резултатите што се постигнуваат и врз основа на тоа да се осмислуваат конкретни мерки и активности за постојано унапредување на воспитно-образовната работа.

| **Содржина на активности** | **Време на реализација** | **Носители** |
|---|---|---|
| 1.Увид во годишните и тематските планирања на наставниците и консултација со наставниците по изведените увиди | Септември и тековно по предавање на тематско процесно планирање | Директор, психолог, педагог, дефектолог |
| 2.Увид во начинот на изведување на настава (наставни часови) и консултација со наставниците по изведените увиди | Октомври, декември, февруари, април | Директор, психолог, педагог, дефектолог |
| 3.Увид во начинот на изведување на воннаставните активности и консултација со наставниците по изведените увиди | Ноември, април | Директор, психолог, педагог |
| 4.Увид во начинот на водење на педагошката евиденција и документација и консултација со наставниците по изведените увиди | Октомври, јануари, март, јуни | Директор, психолог, педагог |
| 5.Следење на примената на формативното оценување: -следење на часови; следење на начинот на подготовка на часовите; консултации со наставниците и анализа на ефектите од неговата примена | Во текот на учебната година | Тим за оценување |
| 6.Анализи за подобрување на квалитетот на наставата и движењето на успехот на учениците | Во текот на учебната година | Директор, психолог, педагог |
| 7.Водење на педагошки картони и професионални досијеа за наставниците | Во текот на учебната година | психолог, педагог |

### *16.4 Самоевалуација на училиштето*

Оваа учебна година училиштето ќе спроведе Самоевалуација во периодот од април -мај 2024 година, со што ќе се утврди степенот на реализирање Развојната програма на училиштето во изминатите 2 години, ќе се добијат информации, анализи и податоци за она што е реализирано и за приоритетите и стратешките и развојните цели за Развојна програма на училиштето за периодот 2022-2026 година.

## 17. Безбедност во училиштето

| **Во училиштето веќе постои** | **Ќе се изготви и реализира во 2023/2024 година** |
| --- | --- |
| План за евакуација и План за постапување во кризни ситуации | Поставување на противпожарни аларми |
| Изготвени насоки за организирање и спроведување на симулации и вежби за постапување во случај на елементарни непогоди | Организирање и спроведување на симулации и вежби за постапување во случај на елементарни непогоди |
| Политика за намалување на насилство во училиштето, програма, акционен план и постапка за безбедност и превенција од насилство | Изготвување на информативен материјал за постапување во случај на кризни ситуации |
| Панични светла, исправни и сервисирани хидранти и ПП апарати, пластифицирани планови за евакуација | |
| Осигурување на објектот, учениците и вработените | |
| Обезбедување на училиштето | |

## 18.Грижа за здравјето

## Програма за заштита и унапредување на здравјето на учениците

**Одговорни наставници: Фросина Ѓорѓиевска, Магдалена Ташковска, Елена Петровски, Зорица Глигорова, Наташа Наџакова - Нумановиќ**

| Содржина на активностите | Време на реализација | Реализатор |
|---|---|---|
| **18.1 Одржување на личната хигиена и хигиената на училиштето**<br>1.Одржување на хигиената во училниците и останатите простории во училиштето и училишниот двор<br>2.Разговори со учениците во врска со одржувањето на личната хигиена со цел кај нив да се формираат хигиенски навики | Во текот на целата учебна година | Технички персонал<br>Наставници<br>Ученици<br>Стручна служба |
| **18.2 и 18.3 Редовни систематски прегледи и вакцинации**<br>1.Систематски прегледи во I,III,V,VII и VIII одделение<br>2.Вакцинации и ревакцинации во I,II,VI и IX одделение<br>3.Превземање на противепидемиолошки мерки и прегледи од паразити на вошливост, кожни болести<br>4.Систематски забни прегледи од I одделение | Според планот на здравствената установа Поликлиника Јане Сандански | Поликлиника Јане Сандански |
| **18.4 Организирање на исхрана на учениците во училиштето и едукација за здрава храна**<br>1.Грижа и контрола за разновидноста и калоричноста на оброците во училишната кујна<br>2.Грижа и контрола на храната која учениците ја носат од дома или купуваат / ужина<br>3.Грижа за хигиената во училишната кујна. | Во текот на целата учебна година | Дежурни наставници од целодневна настава<br>Комисија за исхрана<br>Одделенски наставници |
| **18.5 Развој на самодоверба и самопочитување**<br>1.Оспособување за комуникација со врсниците и возрасните<br>2.Разбирање на другите и нивно прифаќање<br>3.Правилен избор на здрав начин на живеење | Во текот на целата учебна година | Психолог<br>Педагог<br>Наставници |
| **Организирање на излети и екскурзии на учениците** | | |
| 1.Организирање на есенски и пролетен излет | септември, мај | Тим за ексурзии |
| 2.Организирање на зимски и летни кампови со организирани активности за учениците | јануари, јуни, јули | Тим за ексурзии |
| 3.Организирање на еднодневни, дводневни и тродневни екскурзии | октомври, април, мај | Тим за ексурзии |
| **Организирање на телесни и спортски активности за одржување на здравјето на учениците**<br>1.Часови по физичко и здравствено образование со група на ученици кај кои се забележани деформитети на рбетниот столб.<br>2.Учество на спортски активности организирани на ниво на општина и град (кросеви, трки со | Во текот на целата учебна година | Одделенски наставници, наставници по биологија, психолог, педагог |

| | | |
|---|---|---|
| велосипед, натпревар со ролерки, спортски натпревари) | | |
| **Предавање од  областа на здравственото просветување** | | |
| 1.Начин на живеење – чување на здравјето | октомври | Одделенски раководители |
| 2.Заразни болести – штетност и заштита | октомври | Одделенски раководители |
| 3.Пушењето и штетноста на никотинот | ноември | Психолог |
| 4.Алкохолизмот како лично и семејно зло | декември | Психолог |
| 5. Одбележување на Светски ден за борба против ХИВ вирусот – VII, VIII, IX | декември | Наставници |
| 6.Одржување на личната хигиена | Во текот на учебната година | Одделенски раководители |
| 7.Насилно однесување и агресивноста кај младите | февруари | Психолог |
| 8.Болести на зависност - наркоманија, никотинизам и алкохолизам | март | Психолог,стручно лице |
| 9.Психофизички  промени во пубертетот – примарни и секундарни | април | Педагог<br>Наставник по природни науки и биологија |
| 10. Ден на здравјето | април | Наставници |
| 11.Превенција и заштита од ХПВ | април | Институт за социјална медицина |
| 12.Оплодување, забременување, породување, полови болести | мај | Наставник по биологија |
| 13.Планирање на семејството | мај | Тим за здравствена заштита |
| 14.Избалансирана исхрана -здрава исхрана (видови и комбинации на храната) | Во текот на учебната година | Наставници |
| 15.Исхрана - болести и состојби (дебелина, диети) | Во текот на учебната година | Наставници |
| 16.Развивање на здравстената свест за сопственото здравје, совети, лична грижа и заштита од епидемиолошки заболувања | Во текот на учебната година | Одделенски наставници, наставници по биологија, природни науки |
| 17. Креативни и едукативни работилници за прифаќање на различностите  – “различни, а исти” | Во текот на целата учебна година | Одделенски наставници, психолог |
| 18. Запознавање со Био етика, Еко етика  – нов првец во биологијата и етиката, која опфаќа изучување  на заштита на животната средина, здрава исхрана, хигиена, редовни систематски прегледи, редовни информации за грижа на сопственото здравје и слично. | Во текот на целата учебна година, по потреба секојдневно во VII одд. | Наставници по етика, биологија, природни науки |
| 19. Запознавање со интернет етика, која опфаќа информации, препознавање и проучување како да се однесуваме и заштитиме од сајбер насилство, како и заштита на личниот идентитет, грижа за себе и развивање на личната свест. | Во текот на целата учебна година, по потреба секојдневно во VII одд. | Наставници по етика |

## 19.Училишна клима и односи во училиштето

### *19.1 Дисциплина*

Редот и дисциплината во училиштето се регулираат со :

- Куќниот ред на училиштето истакнат во холот
- Правилата за однесување на учениците кои се истакнати во секоја училница и во холовите
- Правилата за однесување на родителите истакнати во холовите
- Правилата за однесување на наставниците истакнати во холот и во наставничките канцеларии
- Протокол за постапување на училиштето во случаи на насилство
- Со посебни правилници е регулирано постапувањето во случај на прекршување на правилата (изрекување на педагошки мерки, упатување на советување на учениците и нивните родители)

### *19.2 Естетско и функционално уредување на просторот*

Во естетското уредување на просторот ќе бидат вклучени наставниците, учениците, родителите и техничкиот персонал како поддршка. Особено ќе се води сметка за:

- Создавање и одржување на училишната иконографија соодветна на мултикултурализомот и меѓуетничката интеграција
- Истакнување на трудови од учениците при што ќе се внимава да нема дискриминација по било која основа
- Поместување на информативни паноа на соодветни места во училиштето со што ќе се придонесе за поголема информираност на родителите

### *19.3 Етички кодекси*

Во училиштето се усвоени и се постапува според следните етички кодекси:

- Кодекс за однесувањето на воспитно-образовниот кадар
- Кодекс за оценување на постигнувањата на учениците
- Етички кодекс за однесување на учениците

Во овие кодекси се наведени вредностите и нормите кои се очекува да ги почитува секој просветен работник кој учениците ги става на прво место и се труди да биде модел за однесување на своите ученици и на заедницата.

### *19.4 Односи меѓу сите структури во училиштето*

Во текот на учебната година училиштето ќе организира и реализира активности кои ќе придонесат за поврзување на сите структури во училиштето, нивна подобра комуникација, а со тоа и унапредување на односите и климата во училиштето. Особено ќе се стави акцент на поголемото вклучување на родителите во разни активности и манифестации на училиштето. Воедно ќе се негува соработката со сите структури надвор од училиштето кои се поврзани со воспитно-образовниот процес и можат да придонесат за негово унапредување.

## 20.Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар е процес на унапредување на вештините и компетенциите со цел да се овозможи унапредување на квалитетот на наставата, како и учењето и постигнувањата на учениците. Покрај семинарите и обуките кои се нудат екстерно, значаен дел од професионалниот развој се одвива во училиштето.

Процесот на професионален развој на воспитно-образовниот кадар во училиштето се координира од страна на Тим за професионален равој кој го сочинуваат: директорот на училиштето Павлина Трипуновска, претседателите на Стручните активи Билјана Тодоровска, Борче Димитриевски и Нарциса Блажевска и Андријана Тасевска – психолог и координатор на тимот. Овој тим изготвува Програма за професионален развој на кадарот,врз основа на изготвените Планови за личен развој, прави анализа на потребите и врз основа на истата изготвува Акционен план за тековната учебна година, ги организира активностите предвидени со плановите и врши нивна евалуација. Исто така, тимот дава поддршка на кадарот во планирањето и реализацијата на нивниот личен професионален развој.

### *20.1 Детектирање на потребите и приоритетите*

Детектирањето на потребите и приоритетите се врши преку процесот на самоевалуација на училиштето, информациите добиени од Плановите за личен професионален развој и по пат на анкети спроведени од страна на Тимот за професионален развој. Податоците од овие анкети служат да се дополнат активностите кои се предвидени со акционите планови.

### *20.2 Активности за професионален развој*

Професионалниот развој во учебната 2023/2024 година ќе се реализира преку:

1.Обуки и семинари надвор од училиштето

2.Интерни обуки и дисеминации

3.Работа на Стручните активи во училиштето

4.Размена на добри пракси и стручни материјали и литература

### *20.3 Личен професионален развој*

Во насока на личен професионален развој секој наставник и стручен соработник на почетокот на учебната година изготвува личен план за професионален развој, кој припаѓа на развојниот дел од професионалното портфолио.

Планот се пишува за период од една учебна година и тоа врз основа на претходна самопроценка на професионалните компетенции и врз основа на приоритетите на училиштето. Подготвените планови за личен професионален развој наставниците ги презентираат пред Стручниот актив каде се даваат сугестии за подобрување и за начинот на реализација. Финалниот план за личен професионален развој се предава на Тимот за професионален развој кој го разгедува, а директорот го одобрува или го враќа на повторно разгледување. Изработката на планот подразбира препознавање на сегментите кои поединецот добро ги работи и на оние кои сака да ги унапреди. Тој треба да се темели на анализата на сопствените професионални потреби како и на анализата на потребите на училиштето.

Личниот план за професионален развој води кон постигнување на повисоки компетенции и е во функција на систематско професионално усовршување, а во иднина и кариерно напредување на кадарот.

Планот за личен професионален развој може да се реализира преку следните форми:

-стекнување на повисок степен на образование

-посетување на обуки обезбедени од образовни институции

-посетување обуки понудени од скредитирани провајдери

-посетување на интерни обуки и дисеминации организирани во училиштето

-размена на знаења и искуства во рамките на Стручните активи или во соработка со колеги

-следење на стручна литература или најнови сознанија по пат на електронски медиуми

-учество на семинари, конгреси или конференции со свои трудови и др.

Врз основа на плановите за личен професионален развој се планира и Програмата за професионален развој на училиштето, како и акционите планови за нејзино реализирање.

### *20.4 Хоризонтално учење*

Професионалниот развој во училиштето, како и претходните учебни години, во најголема мерка ќе се одвива по пат на хоризонтално учење, односно едни од други. Хоризонталното учење подразбира разни форми на организирано и планирано пренесување на знаења и размена на професионални искуства во училиштето, но и меѓу училиштата. Во училиштето во учебната 2023/2024 година хоризонталното учење ќе се одвива на следните нивоа:

| | Стручни активи | Советување по опсервација на наставата | Менторство | Интерни обуки и дисеминации | Поддршка на индивидуалното учење |
|---|---|---|---|---|---|
| **Во училиштето** | -презентации на применети иновации во наставата или студии на случај<br>-нагледни часови<br>-работилници<br>-презентации на изготвени материјали за учење или инструменти за ледење на постигнувањата на учениците | -консултации пред опсервација<br>-консултации по опсервација<br>-совети на наставници кои сакаат да напредуваат<br>-совети на наставници кои иимаат потешкотии во работата | -менторство на приправници<br>-менторство наставник-наставник | -Интерни обуки<br><br>-<br>Дисеминации и интерни обуки кои ќе произлезат како потреба во текот на учебната година. | -Совети од поискусен колега<br>-упатување на извори на учење<br>-споделување на добри пракси |
| **Меѓу училиштата** | Размена на информации, искуства и добри пракси | -Заеднички активности на ниво на Стручни активи - колаборативно учење<br>-заедници за учење<br>-форуми и дискусиони групи | Размена на изготвени материјали за поучување и следење на напредокот на учениците | -заеднички интерни обуки<br>-креирање на електронски колаборативни платформи | Работа на проекти |

### *20.5 Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар*

Следењето и вреднувањето на работата на наставниците го врши директорот и претставници на Бирото за развој наобразованието. Истото се однесува на квалитетот на работата и постигнувањето на компетенциите и стандардите на наставниците. Врз основа на сознанијата од следењето и вреднувањето, наставниците добиваат извештај со повратна информација и насоки за понатамошна работа кои се чуваат во досието на наставникот. Извештаите се користат за унапредување на работата на училиштето и за кариерно напредување на наставниците, согласно Законот за наставници и стручни соработници, а кое се движи од позицијата наставник/стручен соработник приправник, па наставник/ стручен соработник, наставник/ стручен соработник ментор, па се до позицијата наставник/ стручен соработник советник.
Нарциса Блажевска – наставник по англиски јазик е со звање наставник-ментор.

### *-Тимска работа и училишна клима*

За реализација на хоризонталното учење, подоброто реализирање на професионалниот развој на вработените и воопшто за доброто функционирање и добра клима во училиштето особено е важна тимската работа. За таа цел во училиштето во учебната 2023/2024 година ќе работат следните тимови:

-Тим за професионален развој на воспитно-образовниот кадар

-Училишен тим за инклузија

-Тимови за инклузија за ученик

-Тим за меѓуетничка интеграција

-Тим за еко интеграција

-Тим за кризни интервенции

-Тимови за спроведување на самоевалуација на училиштето

-Тим за изготвување на Годишна програма на училиштето

**Прилог 28:Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар**

## 21. Соработка на училиштето со родителите/старателите

| | |
|---|---|
| ***21.1 Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето*** | Партиципацијата на родителите во животот и работата на училиштето ќе се остварува низ работата на Советот на родители кој е составен од по еден претставник на родителите од сите паралелки, односно од 35 члена. Работата на Советот на родители ќе се одвива според приложената Програма за работа на Советот на родители. |
| ***21.2 Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности*** | -Вклучување на родители од разни занимања во разни сегменти од процесот на настава или посета на нивните работни места, при што тие со своите искуства ќе придонесат за полесно разбирање на она што учениците го учат, односно ставање на наученото во практични услови.<br>-Придонес во процесот на професионална ориентација на учениците.<br>Вклученост на родителите во:<br>-Воннаставни активности<br>-Активности за меѓуетничка интеграција<br>-Активности за реализација на Отворен ден за Граѓанско образование<br>-Работилници<br>-Хуманитарни акции<br>-Остварување на контакти со локалната и бизнис заедницата |
| ***21.3 Едукација на семејството*** | Предавања, работилници, презентации, родителски советувања – групни и индивидуални, информативни и едукативни материјали |
| ***Изработка на брошури за родители*** | -Информатор за запознавање со Годишната програма за работа на училиштето<br>-Информатор за наставните планови и програми (задолжителни и изборни предмети)<br>-Информатор за начинот на спроведување на родителско советување<br>-Брошури поврзани со превентивните програми кои се спроведуваат со учениците |

## 22.Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

***-Соработка на училиштето со локалната заедница***

Соработката на училиштето со локалната заедница подразбира активно вклучување на училиштето во средината во која е лоцирано, нејзино информирање за постигнатите резултати, присутните состојби и проблеми, како и разни други видови соработка, почнувајќи од родителите кои се најзаинтересирани субјекти за работата на училиштето, преку други воспитно-образовни установи и инситуции од областа на културата, стопанството, до разни органи и организации.

Соработката на ООУ „Круме Кепески“ со локалната заедница ќе се остварува преку разни општествени, културни и образовни активности и преку нив ќе се презентираат постигнатите резултати од работата на училиштето и истото ќе се афирмира како образовен и културен центар.

Споменатите активности ќе се реализираат преку разновидни собири, средби, културно-уметнички приредби, изложби и акции од секаков вид.

| | |
|---|---|
| ***Институции од областа на културата*** | Театар за деца и младинци<br>Музеј на македонската револуционерна борба<br>Музеј на град Скопје<br>Кинотека на град Скопје |
| ***Институции од областа на образованието*** | Министерство за образование<br>Биро за развој на образованието<br>Државен просветен инспекторат<br>Државен испитен центар |
| ***Невладини организации*** | Црвен крст на град Скопје<br>Црвен крст на Општина Кисела Вода<br>USAID, UNICEF<br>Македонски центар за граѓанско образование<br>Фондација Чекор по чекор |
| ***Спортски друштва*** | Унија на спортски педагози<br>Агенција за спорт и млади |
| ***Здравствени организации*** | Поликлиника Јане Сандански<br>Завод за ментално здравје на деца и младинци |
| ***Медиуми*** | Македонско радио<br>Македонска телевизија<br>Издавачка куќа Просветно дело |

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Хигиена | -постојано следење на степенот на хигиена во училиштето<br>-континуирано во текот на целата година | - тим за следење на хигиената во училиштето | Директор |
| Настава | -увиди во наставата со давање на конструктивна повратна информација | -директор, стручни соработници | Директор |
| Оценување | -постојано следење и давање насоки на наставниот кадар во склоп на подрачјето оценување<br>- по потреба | - стручни соработници | Директор |
| Безбедност | -постојана грижа за безбедноста на учениците во училишните згради и во училишниот двор<br>- континуирано | -дежурни наставници<br>- техничка служба<br>-физичко обезбедување | Директор |
| Стручно усовршување на наставниот кадар | - Соработка со стручни активи, анкетирање, дискусии<br>- По потреба | -Тим за професионален развој<br>-советници од БРО | директор |

## 24. План за евалуација на Годишната програма за работа на училиштето

| | Година 2023/2024 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Временска рамка (месец) | | | | | | | | | | | Следење | | | | | | | |
| **Задача** | **Активност** | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | **Носител** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **инструменти** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лицел** | **✓x** | **Потребен буџет** |
| 1 | Реализација на ГПР | | | | | | | | | | | | | стручен соработникна | Анализа на документи | Табеларни прегледи | Реализација на програмата | Директор, | | |
| 2 | Професионален развој на кадарот | | | | | | | | | | | | | Тим за професионален | Анкети,извешта и | | Збогатување на компетенциите | Координатор на тимот | | |
| 4 | Планирањето на Совет на родители | | | | | | | | | | | | | Претседател на СР | Писмена докуметација/из | | Ефикаснос во спроведување | Претседател на Советот | | |
| 5 | Планирање на наставниците и стручните соработници | | | | | | | | | | | | | дисректор | Увид во портфолио | за оценување | Ефективно планирање и | Директор, стручни соработниц | | |
| 6 | Планирањето на превентивните програми | | | | | | | | | | | | | дисректор | Анкета/изве штаи | Чек листа | 0-ти малтретирање во училиштето | Стручни соработниц | | |
| 7 | Реализацијата на работата на стручните тимови | | | | | | | | | | | | | директор | извештаи | протокол | Збогатување на компетенции | Претседател и на стручни | | |
| 8 | Планирањето на УО | | | | | | | | | | | | | Претседате л на УО | записници | Анализа на документи | Подобрена ревизија и евалуација | Претседате л на УО | | |
| 9 | Реализација на целите од Развојната програма | | | | | | | | | | | | | УО, директор, тимови | Извештаи, | Чек листи | | Тимови по подрачја | | |
| 10 | Програма на МИО активности | | | | | | | | | | | | | СИТ-от | Училишно портфолио за МИО | Чел листи | клима за соработка со училишта од | Координатор В.Стаматовск | | |
| 11 | Реализација на воннаставните активности | | | | | | | | | | | | | Директор, стручна служба | Увиди и анкети | извештаи | Реализирани активности | директор | | |
| 12 | Постигањата на учениците во редовната настава | | | | | | | | | | | | | Директор, стручна служба | Статистички податоци | извештаи | Подобрен успех | директор | | |

## 25. Заклучок

Годишната програма на училиштето претставува документ кој ги содржи сите важни информации за работата на училиштето и остварувањето на целите за работа во учебната 2023/2024 година. Таа во суштина писмено ја изразува ангажираноста на училиштето (директорот, стручните соработници и наставниците) во остварувањето на дејноста на училиштето. При изготвувањето земени се во предвид реформските промени, подигањето на стандардите, планираните подрачја и приоритетни активности предвидени со годишната програма за работа, значајните настани, обезбедувањето транспарентност во реализација на планираните активности, како и желбата да се унапреди воспитниот и образовниот процес.

Информациите во програмата се методолошки и хронолошки подредени според Правилникот за изготвување Годишна програма за работа на училиштето. За дел од подрачјата оперативни програми за работа се дадени во самото подрачје, но за дел од нив тие се поместени на крајот на Годишната програма како работни прилози.

Годишната програма ни дава интеракциски однос помеѓу наставниот и другиот стручен кадар и учениците од една страна и учеството на родителите и локалната средина од друга страна, преку следење на реализацијата на целокупната воспитно-образовна работа на училиштето што опфаќа и се проектира преку неколку аспекти кои доаѓаат до израз во нејзината содржинска реализација, а тоа се:

- согледување за степенот на нејзината квантитативна и квалитативна димензија;
- односот помеѓу планираните и реализираните содржини односно динамиката на реализација на програмата во одделни периоди;
- учество на субјектите во реализација на програмата;
- согледување на причините и отстапувањата помеѓу планираните и реализираните содржини;
- начини на реализација и остварување на планираните цели и содржините во наредната учебна година.

Целта на оваа програма е да обезбеди јасни насоки за одговорно вклучување на сите училишни субјекти во креирањето и програмските определби за работа.

## 26.Тим кој учествувал во изработката на Годишната програма

1.Павлина Трипуновска – директор
2.Андријана Тасевска – психолог
3.Марија Дамчевска Ристевска – предметен наставник
4.Ирена Костадиновска – одделенски наставник
5.Одделенски и предметни наставници и стручни соработници задолжени за посебни подрачја од Годишната програма

## 27.Користена литература

Документи врз кој се темели Годишната програма:

- Закон за основно образование;
- Закон за наставници и стручни соработници
- Подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за основно образование и Законот за наставници и стручни соработници
- Националната програма за развој на образованието;
- Наставните планови и програми;
- Концепција за деветгодишно образование;
- Статут на училиштето;
- Самоевалуација на училиштето
- Развојна програма на училиштето;
- Програмата за работа на училиштето од 2022/23 година;
- Извештаи (Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година, посети и увиди од Државниот просветен инспекторат, записници и др).

# РАБОТНИ ПРИЛОЗИ



**Прилог 1**

# ПРОГРАМА
## за работа на директорот на училиштето

| Реден број | Програмски содржини |
|---|---|
| I | Организациони работи |
| II | Стручно-аналитичка работа |
| III | Педагошко раководење со училиштето- Планирање/ Поддршка на наставата |
| IV | Следење и вреднување на работата |
| V | Советодавна работа со родителите и учениците |
| VI | Работа во стручни органи и тела на училиштето |
| VII | Законско и административно работење на училиштето |
| VIII | Соработка со општествената средина |

| 1. Организациони работи | | |
|---|---|---|
| **Месец** | **Програмски содржини** | **Соработници** |
| **Август** | 1. Увид во техничката и другата подготвеност на училиштето за работа.<br>2. Изработка на распоред на работата и планирање на задачите.<br>3. Подготовки и учество во изработка на Годишната програма за работа на училиштето.<br>4. Формирање на паралелки, распределба на часови, организација на активности. | Секретар, хаусмајстор, стручни соработници |
| **Септември** | 1. Свечен прием на учениците во прво одделение.<br>2. Останати вонредно организациони работи врзани за почетокот на учебната година.<br>3. Увид во дневната организација на работата. | Комисија,<br>стручни соработници |
| **Октомври** | 1. Учество во подготовките за одбележување на: 11. Октомври-Ден на востанието, Светскиот ден на детето и прием на учениците од прво одделение во Детската организација, Денот на Обединетите нации и Недела на борба против ТБЦ.<br>2. Учество во изработка на Извештај за деветмесечното финансиско работење.<br>3. Контрола на дневната организација на работата. | Комисија,<br>финансиска служба |
| **Ноември** | 1. Активности по повод Денот на ослободувањето на Скопје.<br>2. Увид во работата на училишната кујна.<br>3. Увид во дневната организација на работата. | Комисија |
| **Декември** | 1. Одбележување на Новата година (организирани посети на приредби и театарски претстави).<br>2. Подготовки врзани за годишниот извештај за финансиско работење ( формирање комисии за попис и комисии за увид во финансиското материјално работење).<br>3. Контрола на дневната организација на работата. | Комисија<br>Сметковотство |
| **Јануари** | 1. Подготовки врзани за крајот на првото полугодие.<br>2. Увид во финансиско-материјалното работење на училиштето. | Одделенски совети<br>Стручнии соработници<br>Сметководство |
| **Февруари-март** | 1. Увид во дневната организација на работата.<br>2. Помош во организирањето на ученички натпревари во училиштето.<br>3. Увид во работата на административно-техничката служба.<br>4. Годишен извештај за финансиско-материјалното работење. | Комисии<br>Стручни соработници<br>Сметководство |
| **Април-мај** | 1. Активности по повод Меѓународниот ден на здравјето.<br>2. Подготовки за одбележување на Патрониот празник на училиштето.<br>3. Подготовки за запишување на ученици во прво одделение и свечено испраќање на генерацијата | Комисии<br>Стручни соработници |

| | | |
|---|---|---|
| | ученици од деветто одделение. | |
| **Јуни** | 1. Подготовки врзани за крајот на учебната година.<br>2. Подготвување на Годишен извештај за работата на училиштето.<br>3. Подготовки врзани за почетокот на идната учебна година.<br>4. Финансиско и материјално работење на училиштето ( извештај за шестомесечно финансиско работење). | Комисии<br>Стручни соработници<br>Сметководство |
| **2. Стручно-аналитичка работа** | | |
| **Август-септември** | 1. Учество во изработка на Годишната програма за работа на училиштето.<br>2. Преглед и увид во: годишните и тематските планирања, наставните часови и подготовката за час. | Комисии<br>Стручни соработници |
| **Ноември** | 1. Анализа на резултатите од воспитно-образовната работа во првото тромесечие.<br>2. Работа во Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието. | Комисии<br>Стручни соработници |
| **Јануари** | 1. Анализа на резултатите од воспитно-образовната работа во првото полугодие: реализација на програмските задачи и остварување на воспитната функција во училиштето.<br>2. Учество во изработка на Извештај за работата на училиштето во текот на првото полугодие. | Комисии<br>Стручни соработници |
| **Февруари-март** | 1. Анализа на постигнатите резултати во текот на третото тромесечие.<br>2. Работа во Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието. | Комисии<br>Стручни соработници |
| **Април-мај** | 1.Спроведување на самоевалуација на училиштето<br>2. Работа во Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието. | Комисии<br>Стручни соработници |
| **Јуни** | 1. Анализа на реализацијата на програмските задачи.<br>2. Учество во изработка на Годишен извештај за работа на училиштето.<br>3. Учество во изработка на Годишна програма за работата на училиштето. | Комисии<br>Стручни соработници |
| **3. Педагошко раководење со училиштето – Планирање / Поддршка на наставата** | | |
| **Август** | 1. Насоки за планирање на наставата: глобално, тематско планирање, планирање на оценување, форми, методи и наставни средства. | Стручни соработници |
| **Септември** | 1. Увид во планирањето на наставата.<br>2. Работа со помлади наставници – (организација на наставната работа, посети на часови). | Стручни соработници |
| **Октомври-ноември** | 1. Утврдување на основните насоки за презентирање на резултатите од работата на слободните ученички активности и додатната настава.<br>2. Посета на часови од редовната настава.<br>Цел: ниво на постигнатост на воспитно-образовните цели, примена на иновации во | Стручни соработници |

| | | |
|---|---|---|
| | наставата. | |
| **Декември** | 1. Следење и поддршка на реализацијата на вонннаставните и вонучилишните активности.<br>2. Посета на часови од дополнителна настава. | Педагог |
| **Јануари** | 1. Процена и вреднување на резултатите од наставата.<br>2. Увид во водењето на педагошката евиденција и документација. | Одделенски совети |
| **Февруари** | 1. Посета на часови од слободните активности и додатната настава.<br>2. Посета на часови од редовната настава.<br>3. Согледување на ефектите од општествено-корисната работа. | |
| **Март-април** | 1. Увид во подготовките на наставниците за час.<br>2. Ефекти од работата на стручните органи во училиштето. | Стручни соработници |
| **Мај** | 1. Увид во реализацијата на наставниот план и програми. | Стручни соработници |
| **4. Следење и вреднување на работата на училиштето** | | |
| Септември-јуни | 1.Следење на реализацијата на задачите во рамките на 40 часовното работно време.<br>2. Увид во работата, планирањата и дневникот за работа на: наставниците, стручната служба, библиотеката, административно-техничкиот кадар.<br>3. Увид во записниците на стручните органи и органите на управување на училиштето.<br>4. Следење на користењето на современи форми на работа во наставата.<br>5.Следење на реализицијата на воннаставните активности | Стручни соработници |
| **5. Советодавна работа со родители и ученици** | | |
| **Во текот на учебната година** | 1.Прифаќање и разговор со новодојдените ученици и нивните родители.<br>2. Присуство на родителски средби.<br>3. Советодавна работа – индивидуална и групна со ученици кои покажуваат слаб успех, изостануваат од настава или манифестираат несоодветно однесување.<br>4. Работа со родители чии деца потешко напредуваат во учењето, изостануваат од настава и ученици со асоцијално поведение.<br>5.Присуство на состаноците на Ученичкиот парламент кога директорот е поканет со цел да ги чуе нивните предлози и забелешки.<br>6. Учество во работата на Советот на родители, кога директорот е поканет со цел да ги чуе нивните предлози и забелешки.<br>7.Следење на резултатите од индивидуалната и групна советодавна работа ( наставник – родител – ученик). | Стручни соработници<br>Одделенски раководители |
| **6. Работа во стручните органи на училиштето** | | |
| **Август** | 1. Учество во планирањето на работата на стручните органи ( Одделенски совети, Стручни активи, Наставнички совети) | Стручни соработници<br>Наставници |
| **Септември** | 1. Работа со Одделенските совети на кои ќе се | Стручни соработници |

| | | |
|---|---|---|
| | разгледува успехот, поведението и редовноста на учениците во првото тромесечие.<br>2.Учество во работата на Наставничкиот совет.<br>3. Изготвување на извештај од извршените увиди во наставата. | Наставници |
| **Ноември** | 1. Работа со Одделенските совети на кои ќе се разгледува успехот, поведението и редовноста на учениците во првото тромесечие.<br>2.Учество во работата на Наставничкиот совет.<br>3. Изготвување на извештај од извршените увиди во наставата. | Стручни соработници<br>Наставници |
| **Декември-јануари** | 1. Увид во одделенските книги.<br>2. Разгледување на актуелни проблеми во врска со реализацијата на воспитно-образовната работа и давање на насоки – тези за понатамошна работа. | Стручни соработници<br>Наставници |
| **Февруари** | 1. Подготвување и одржување на состаноци на Стручните активи и Наставничкиот совет. | Стручни соработници<br>Наставници |
| **Март-април** | 1. Одржување Одделенски совети и Наставнички совети во врска со постигнатите резултати во третото тромесечие. | Стручни соработници<br>Наставници |
| **Мај-јуни** | 1. Одржување Одделенски совети за утврдување на годишниот успех.<br>2. Одржување Наставнички совет за потврдување на годишниот успех.<br>3. Годишен извештај за постигнатите резултати во воспитно-образовната работа во тековната учебна година.<br>4. Насоки и активности врзани за почетокот на наредната учебна година: планирање на наставата и вonнаставните активности, распределба на предметите и часовите, одделенијата и паралелките. | Стручни соработници<br>Наставници |
| **7. Законско и административно работење на училиштето** | | |
| **Септември-јуни** | 1. Следење и проучување на законите, прописите и нормативните акти.<br>2. Усовршување на постојните нормативни акти. | |
| **8. Соработка со општествената средина** | | |
| **Септември-јуни** | 1. Учество во работата и соработка со органите на Локалната самоуправа.<br>2. Соработка со Биро за развој на образование.<br>3. Соработка со Министерство за образование и наука.<br>4. Соработка со јавни и културни установи од интерес на училиштето.<br>5. Соработка со родителите и Месната заедница.<br>6. Активно учество во работата на Активот на директори. | |

Директор
Павлина Трипуновска

**Прилог 2**

# ПРОГРАМА
# за работа на психологот на училиштето

| | **Програмски содржини** |
|---|---|
| **I** | Планирање и подготовка на работата на психологот |
| | **Работа со ученици** |
| **II** | Поддршка на учениците во учењето |
| **III** | Советодавна работа со ученици |
| **IV** | Работа со ученици со посебни образовни потреби |
| **V** | Работа со талентирани ученици |
| **VI** | Работа со ученици со потешкотии во учењето |
| **VII** | Запишување на ученици и формирање на паралелки |
| **VIII** | Работа на професионална ориентација на учениците |
| **IX** | **Работа  со наставници** |
| **X** | **Работа со  родители** |
| **XI** | **Соработка со заедницата** |
| | **Професионален развој и професионална соработка** |
| **XII** | Личен професионален развој |
| **XIII** | Поддршка на професионалниот развој и соработката во училиштето |
| **XIV** | **Аналитичко- истражувачка работа** |
| | **Училишна структура, организација и клима** |
| Поддршка и насочување на наставниците и стручните соработници за кариерен развој | Тим за професионален развој | Континуирано |
| Евалуација на плановите за личен професионален развој | Тим за професионален развој | Јуни |

**Прилог 29**

# Програма за соработка на училиштето со локалната заедница

**Одговорни наставници: Весна Настоска, Радмила Чипан**

| **Содржина на активности** | **Време на реализација** | **Носители** |
|---|---|---|
| 1.Зајакнување на соработката на училиштето со локалната самоуправа | Септември | Одделенски раководители , наставници, стручна служба |
| 2.Вклучување во активности организирани од страна на општината | Во текот на учебната година | Директор, стручна служба, наставници, ученици |
| 3.Тркалезна маса со Градоначалникот на Општина Кисела Вода | Октомври | Членови на дебатен клуб наставник по граѓанско образование |
| 4.Организација на настан -новогодишна прослава со интензивна партиципација на учениците | Декември | Тим за јавна и културна дејност, родители |
| 5.Учество во спортски натпревари на меѓуучилишно и општинско ниво организирани од страна на Општина Кисела Вода | Во текот на учебната година | Спортски екипи и наставници по физичко образование |
| 6.Вклучување во активностите за одбележување на Светскиот ден на мајчиниот јазик | февруари | Историска, литературна и ликовна секција |
| 7.Презентирање на ученички идеи пред училишното и/или општинското раководство со цел – застапување на идејата и обезбедување на потребна поддршка за реализација на истата | Март | Директор, претставници од локална самоуправа, стручна служба, наставници, ученици |
| 8.Државната и јавна администрација во функција на граѓаните | Април | Гостин предавач, ученици од IX одд. , наставник по ГО |
| 9.Еколошка етика (екоетика)<br>22 Април, денот на планетата земја<br>– По иницијатива на учениците , во соработка со претставници од Општината -преземање активности за селекција на отпад | Во текот на учебната година | Еколошка секција Наставници, ученициТим за еко интеграција |
| 10.Ѓурѓовден - Денот на општина Кисела Вода | мај | Тим за јавна и културна дејност |
| 11.Манифестација Три круши | јуни | Тим за јавна и културна дејност |
| 12.Посети на општината од едукативен карактер поврзани со реализација на наставните програми | Во текот на учебната година | Наставници и ученици |

# Програми за вонучилишни активности

## *Програми за ученички екскурзии, излети, кампувања, летување и зимување*






**Прилог 30**

# Програма за тридневна екскурзија за IX одделение низ Република Македонија

**ПЛАНИРАЊЕ И ОРГАНИЗАЦИЈА**

Општинското основно училиште „Круме Кепески“ од Скопје, со учениците од деветто одделение во учебната 2023 / 2024 година, планира да изведе тридневна екскурзија низ Република Македонија во месец октомври 2023 година.

**ЦЕЛИ НА ЕКСКУРЗИЈАТА :**

- Да ги запознаат и откријат убавините на татковината – Република Македонија;
- Да прошират знаењата за сите посетени културно историски знаменитости и се развива почит кон културните традиции;
- Да се почитува природата и нејзиното наследство;
- Да се воспоставува, развива и негува пријателството.

**ЗАДАЧИ**

Тридневна екскурзија треба да обезбеди:

1. развивање интерес за убавините на нашата татковина и правилен однос кон нив;
2. развивање инререс кон природата и создавање еколошки навики;
3. развивање на другарски и хумани меѓусебни односи кај учениците;
4. усовршување на комуникативните вештини и културните навики;
5. развивање на чувство за толеранција и соживот;
6. поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;
7. стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
8. создавање навики за здраво живеење;
9. развивање и негување на патриотски чувства кон сите културни, историски и духовни богатства во нашата земја.

**АКТИВНОСТИ**: посета на археолошки локалитети, градовите Битола, Охрид, и Струга, цркви, спомен куќи, музеи, набљудување на природните промени во атмосферата и езерото. За време на екскурзијата, учениците ќе имаат воспитно- образовни активности, а истовремено ќе реализираат и разновидни слободни активности.

**Учесници на екскурзијата :**

- Наставници – одделенски раководители во деветто одделение
- Учениците од деветто одделение

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЕКСКУРЗИЈАТА:**

Тридневна екскурзија со две ноќевања

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПАТУВАЊЕТО:**

Место на поаѓање: пред училиште
Време на поаѓање: 08:00 часот
(Учениците да бидат на местото на поаѓање во 07:30 часот)

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ:**

Екскурзијата ја финансираат родителите на учениците со плаќање на повеќе месечни рати, со уплата на жиро сметка на агенцијата.

**ПЛАН ЗА ПАТУВАЊЕ:**

ДЕН 1 - поаѓање за Охрид на релација:

Скопје – Битола – Охрид со попатна посета на:

- археолошки локалитет Хераклеја
- градот Битола (Широк Сокак, Саат Кула, Плоштад Магнолија)
- Охрид ( сместување во хотел)

ДЕН 2

- Посета на манастирот Свети Наум
- Изворите на Црни Дрим
- Спомен куќата на Христо Узунов и куќата на Робевци
- Посета на наколното живеалиште Заливот на коските
- Посета на Охидската чаршија, античкиот театар, Самоиловата тврдина, Плаошник, Свети Јован Канео, катедралната црква Света Софија

ДЕН 3 - Поаѓање за Скопје на релација :

Охрид – Струга – Скопје со попатна посета на :

- Манастирскиот комплекс во Калишта
- Спомен куќата на браќата Миладиновци
- Природно-научниот музеј Д-р Никола Незлобински
- Паркот на поезијата

Пристигнување во Скопје во вечерните часови

**Стручен тим:**

| | |
|---|---|
| **Павлина Трипуновска** | **Директор** ____________________ |
| **Борче Димитриевски** | **Раководител на стручниот тим** ______________ |
| **Моника Јаневиќ** | **Предметен наставник** _________ |
| **Ирена Павлоска** | **Одделенски наставник** _________ |
| **Лиле Јованчева** | **Одделенски наставник** ________________ |
| **Сузана Ангелова** | **Одделенски наставник** ________________ |

**Реализатори на екскурзијата:**

Игор Зафировски – одд. раководител во 9-1

Наташа Јаковческа - одделенски раководител во 9-2- одговорно лице за екскурзијата

Александар Милојевиќ - одделенски раководител во 9-3

Радмила Ѓорѓиева Чипан – одделенски раководител во 9-4

**Прилог 31**

# Програма за дводневна екскурзија за VI одделение низ Република Македонија

## ПЛАНИРАЊЕ И ОРГАНИЗАЦИЈА

ООУ „Круме Кепески“-Кисела Вода, Скопје, со учениците од VI одделение во учебната 2023/2024 година, планира да изведе дводневна екскурзија низ Република Македонија, во периодот крај на месец септември или почеток на месец октомври 2023 година.

**ЦЕЛИ** на екскурзијата за учениците се:

- да ги запознаат убавините на нашата татковина;
- да се развива почит кон културните традиции;
- да се подигне свеста за почитување и грижа кон природата и нејзиното наследство;
- да се прошири знаењето за посетените културно-историски знаменитости;
- да се развива и негува другарството;
- да се поттикнат позитивни емоции, како и
- да се развива одговорност – лична и заедничка.

**ЗАДАЧИ:**
Дводневната екскурзија треба да овозможи:

- развивање интерес за убавините на нашата татковина и правилен однос кон нив;
- развивање и негување на патриотските чувства кон сите културни, историски и духовни богатства во нашата земја;
- развивање интерес кон природата и создавање еколошки навики;
- развивање способноста за перцепирање и практична примена на теоретските знаења;
- развивање другарски и хумани меѓусебни односи кај учениците;
- усовршување на комуникативните вештини и културните навики;
- развивање на чувство за толеранција и соживот;
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;
- создавање навики за здраво живеење;

**АКТИВНОСТИ:** посета на: Струга, Охрид, национален парк, манастир, црква, спомен-куќа, музеј, набљудување.

**Учесници** во екскурзијата:

- Наставниците – одделенски раководители во шесто одделение
- Учениците од шесто одделение

**Времетраење** на екскурзијата: Дводневна ексурзија со едно ноќевање во Охрид

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПАТУВАЊЕТО:**
Место на поаѓањето: пред училиште
Време на поаѓање: 8:00 часот
(учениците да бидат на местото на поаѓање во 7:30 часот)

**НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ:**
Екскурзијата ја финансираат родителите на учениците со плаќање на повеќе месечни рати, на уплатница, на жиро-сметка на агенцијата.

**ПЛАН ЗА ПАТУВАЊЕ**

| |
|---|
| **ДЕН 1**<br>Поаѓање за Охрид на релација:<br>**Скопје-Тетово-Гостивар-Маврово-Дебар-Струга-Охрид**<br>со попатна посета на:<br>- Маврово, со попатно разгледување на националниот парк „Маврово“, и кањонот Радика;<br>- Манастир Св. Јован Бигорски (и манастир Рајчица);<br>- Струга (Природно-научен музеј, Парк на поетите, спомен-куќа на браќата Миладиновци);<br>- Охрид - посета на охридското пристаниште и охридската чаршија;<br>- Охрид (сместување во хотел); |
| **ДЕН 2**<br>-Посета на наколната населба кај Градиште (Заливот на коските) и манастирот Св. Наум Охридски;<br>-Поаѓање за Скопје (Охрид-Кичево-Скопје);<br>-Пристигнување во Скопје во вечерните часови |

За време на екскурзијата, учениците ќе имаат воспитно-образовни активности и истовремено ќе реализираат и разновидни слободни активности.

**Стручен тим:**

**Павлина Трипуновска** **Директор** ____________________
**Борче Димитриевски** **Раководител на стручниот тим** _______________
**Моника Јаневиќ** **Предметен наставник** _________
**Ирена Павлоска** **Одделенски наставник** _________
**Лиле Јованчева** **Одделенски наставник** ________________
**Сузана Ангелова** **Одделенски наставник** ________________

**Реализатори на екскурзијата:**

1. **Татјана Пеливанова – одделенски раководител на 9-1 одд.**
2. **Гордана Арсовска – одделенски раководител на 9-2 одд.**
3. **Анета Јумбрукова-Алексова – одделенски раководител на 9-3 одд.**
4. **Слободан Трајковски – одделенски раководител на 9-4 одд. - одговорно лице за екскурзија.**

**Прилог 32**

# ПРОГРАМА ЗА ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА III ОДДЕЛЕНИЕ ВО ДОЈРАН

## Планирање и организација

ООУ„Круме Кепески“ – Кисела Вода – Скопје со учениците од III одделение во учебната 2023/24 година планира да изведе еднодневна екскурзија во Дојран во првата половина на месец мај 2024 година.

**1.ГЛОБАЛНА ЦЕЛ НА НАСТАВНО- НАУЧНАТА ЕКСКУРЗИЈА:**
Наставно – научната екскурзија има за цел:
* Поголема социјализација на учениците од III одделение на ниво на генерација;
* Развивање на самодоверба кај учениците и способност за меѓусебна комуникација;
* Развивање на истражувачки дух, љубопитност,со цел стекнување нови знаења;
* Развивање на љубов кон татковината и кон природните и културни богатства;
* Развивање на позитивен однос кон националните,културните и естетските вредности;
*Проширување на стекнатите знаења и примена на истите во праксата;

**2.ЗАДАЧИ**
Преку реализацијата на задачите , ќе се реализираат конкретните цели кои се поставени во оваа програма.

- Истражување и изучување на објекти и појави во природата како и односите во општественион живот;
- Развивање на еколошки навики и развивање интерес за природата;
- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви во нашата татковина;
- Запознавање со различниот рељеф и природни езера и нивното настанување;
- Запознавање со археолошки локалитети  и подалечното минато;
- Набљудување на природните и историски знаменитости и границите на Република Северна Македонија;
- Дружење преку забава , рекреација и спортски активности;

**3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ, СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ**

| Бр. | Цели | Место на реализација | Активности | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Запознавање со автопат и воочување на природните убавини (Таорска клисура на река Вардар) попатно | Автопат Е-75 | Попатно набљудување | Наутро и рани претпладневни часови |
| 2. | Запознавање со поимот археолошки локалитет и со историјата на Стоби | Археолошки локалитет – Стоби | Разгледување на локалитетот | Претпладневни часови |
| 3. | Набљудување на  термални извори во струмичко и нивно користење | Струмица | Набљудување | Пладневни часови |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Разгледување на системот за полнење на Дојранското езеро | Дојран | Разгледување | Пладневни часови |
| 5. | Разгледување на крајбрежјето на Дојранско езеро изапознавање со начинот на ловење риби; рекреативни активности | Стар Дојран | Разгледување | Рани попладневни часови |
| 6. | Запознавање со граничен премин | Граничен премин Дојран –Дојрани | Разгледување | Попладневни часови |
| 7. | Враќање за Скопје | Автопат Е-75 | | Попладневни часови |

**УЧЕСНИЦИ ВО ЕКСКУРЗИЈАТА**

Ученици од III одд. и наставниците

**ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПАТУВАЊЕТО**

**Времетраење:** еднодневна екскурзија;
**Време на реализација:** прва половина на мај 2024 год.
**Место на реализација:** Дојран – Република Северна Македонија
**Место на поаѓање:** пред училиштето
**Време на поаѓање:** 8.00 часот наутро ( учениците доаѓаат 30 минути пред поаѓање)

**Маршрута на патувањето:**

При одење: Скопје – Дојран
При враќање: Дојран – Скопје

**Предвидени посети:**

*Археолошки локалитет Стоби;Термални извори во Струмица; Систем за полнење на Дојранското Езеро ; Стар Дојран; Граничен премин Дојран – Дојрани;

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА И НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ**

* Високотуристички автобус со агенциски водич;
* Придружба од медицинско лице;
* Самофинансирање од страна на родителите;

**Стручен тим:**

**Павлина Трипуновска** **Директор** ____________________
**Борче Димитриевски** **Раководител на стручниот тим** _______________
**Моника Јаневиќ** **Предметен наставник** _________
**Ирена Павлоска** **Одделенски наставник** _________
**Лиле Јованчева** **Одделенски наставник** ________________
**Сузана Ангелова** **Одделенски наставник** _______________

**Реализатори на екскурзијата:**

1. Антоанела Анѓеловска III-1 одделение,
2. Петранка Ристевска , Зорица Симоновска Глигорова III-2 одделение,
3. Сузана Ангелова , Соња Спасовска III-3 одделение,
4. Наталија Николовска III-4 одделение.

**Петранка Ристевска – одговорно лице за екскурзијата.**

**Прилог 33**

**ИЗЛЕТ**
**за ученици од I- IX одделение**

Општинско основното училиште „Круме Кепески“,Кисела Вода- Скопје, со учениците од I - IX одделение во учебната 2023 / 2024 година планира да изведе есенски излет во месец септември- октомври 2023 г. и пролетен излет во месец април- мај 2024 и притоа ќе бидат опфатени:

- Воспитно- образовни цели
- Задачи
- Содржина на активности
- Раководител, наставници, ученици
- Времетраење
- Локации за посета и правци на патувањето
- Техничка организација
- Начин на финансирање

**1. Воспитно-образовни цели:**

- Да се одржуваат и развиваат психофизичките вештини на учениците: брзина,рамнотежа, еластичност, експлозивност.
- Учениците да ги знаат и практикуваат правилата за игрите и рамноправно да учествуваат во тим–екипа.
- Да се поттикнува развојот на самостојност кај учениците, социјализација и колективна заштита.
- Да се развива љубопитноста (да се поставуваат прашања и да се одговара на нив).
- Да се градат здравствено-хигиенски и еколошки навики.
- Да се поттикнува надругарување, рекреација, спортски активности.
- Да се почитуваат знаењата и искуствата на возрасните.
- Да се поттикнува на воспоставување, развивање и негување на пријателство.

**2. Задачи:**

**Излетот треба да обезбеди:**

- Услови за безбедно движење во колона по еден и по двајца
- Соодветни услови за изведување на спортско – рекреативни активности
- Поттикнување на активности за развој на психофизичките вештини
- Развивање здравствено-хигиенски и градање на еколошки навики;
- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;
- Социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

**3. Содржина на активности:**

- Организирано поставување и движење во колона по еден и по двајца;
- Општествено-колективни, подвижни, спортски игри и квизови;
- Игри: елементарни, штафетни, игри без граници и полигони со користење на спортски реквизити со трчање, качување, слегување, провлекување, скокања,фрлање, фаќање итн;
- Ориентација и движење во природни услови;
- Организирано прибирање и одлагање на сметот;
- Учениците со нарушени моторни способности ќе учествуваат во сите активности и друштвени игри кои од нив не бараат поголем напор.

**4.Учесници на излетот:**

Одделенските раководители, сите наставници и учениците од I-IX одделение

**5. Времетраење на излетот:**
-Полудневен излет
**-Место на тргнување:** пред училишниот двор
**-Време на тргнување:**8,00 часот, (учениците да бидат на местото на тргнување во 7,30 часот)

**6. Техничка организација:**
ООУ „Круме Кепески“,Кисела Вода- Скопје ќе спроведе постапка за прибирање на понуди за организирање на полудневниот излет со објавување на јавен оглас во најмалку два дневни весника.

Минималните услови кои треба да ги исполни понудувачот се:

- да е регистриран согласно позитивните прописи во Република Македонија за вршење на соодветна туристичка дејност.
- да има успешно реализирани најмалку 3 ученички екскурзии и други слободни активности во последните 3 години.
- да ги исполнува условите за превоз на групи деца согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебните хнички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца.

Еден ден пред реализација на патувањето, директорот од превозникот кој го изведува превозот, треба да добие доказ за вонредна техничка исправност на возилото за јавен превоз согласно постојните важечки закони во Република Македонија и записник заи звршен вонреден технички преглед на автобусот не постар од шест месеци.

Возачот на автобусот потребно е да има лекарско уверение не постаро од шест месеци и потврда од одговорното лице на превозникот дека не возел 12 часа пред поаѓањето.

Директорот нема да го одобри патувањето доколку автобусот не ги исполнува наведените услови во поглед на техничката исправност, потребниот број на седиштата и доколку автобусот не е климатизиран.

Местото на реализација ќе биде по избор на Советот на родители заедно со наставниците и директорот. Места за кои ќе бараме понуди се: Марков манастир,Сарај, Катлановска Бања, Љубанци, Водно, Лешок, Дељадровци, Чардак,Кондово,Хиподром.

**7. Начин на финансирање:**
Полудневниот излет го финансираат родителите на учениците.

**Стручен тим:**

**Павлина Трипуновска** **Директор** ______________________
**Борче Димитриевски** **Раководител на стручниот тим** ________________
**Моника Јаневиќ** **Предметен наставник** _________
**Ирена Павлоска** **Одделенски наставник** _________
**Лиле Јованчева** **Одделенски наставник** ________________
**Сузана Ангелова** **Одделенски наставник** ________________

**Прилог 34**

# Планирање и организирање на Настава во природа за V одделение

Општинското Основно училиште „Круме Кепески“ од Скопје, со учениците од петто одделение во учебната 2023/2024 година, планира да изведе настава во природа во месец мај 2024 година во детското одморалиште „МИХАЈЛОВО"- КАВАДАРЦИ

1. Цел
2. Задачи
3. Избор, распоред и структурирање на содржините од наставната програма
4. План на содржините
5. Наставни методи
6. Наставни средства
7. Активности на наставникот и ученикот
8. Следење и вреднување
9. Тек на сознајниот процес
9.1. Прва стратегиска етапа : Планирање на научно наставна програма
9.1.1. Оперативно планирање
9.1.2. Инструирање
9.1.3. Договор за работа во микро групи
9.2. Втора стратегиска етапа: реализација
9.3. Трета стратегиска етапа: генерализација
9.4. Четврта стратегиска етапа: презентација

**Планирање и организирање на наставата во природа**
**1.Цел**

Во стручната педагошка литература под поимот <u>Настава во природа</u> се подразбира организирање и реализирање на воспитно - образовната работа на одредено место или локалитет во природата каде што учениците се здобиваат со поими и знаења, односно се врши утврдување, проширување, систематизирање и практично применување на стекнатите знаења од повеќе наставни предмети, но и стекнување на нови преку набљудение, опити, експерименти, што во училишни услови тешко може да се реализира. Всушност, преку повеќедневен престој надвор од местото на живеење, низ едукација, другарување, рекреација, прошетки, забава и спортување, со примена и користење на современите педагошки форми и методи на работа, со ангажирање на одд. наставници и другите стручни кадри за соодветни теми (надворешни соработници), да се обезбеди систематизирање на знаењата и нивната практична примена, но истовремено и да се надминат меѓунационални, социјални, верски и секакви други разлики.
**Целта на наставата во природа е систематизирање на знаењата стекнати во текот на учебната година и нивна примена во практиката, како и примена и усовршување на стекнатите вештитни и психомоторни (говорни, писмени, технички) и когнитивни способносости. Истовремено се обрнува внимание на воспитанието и социјализацијата кај учениците.**

**2. Задачи**
Наставата во природа треба да обезбеди :
• **Проширување и продлабочување на знаењата**, кои се системски, логички и свесно усвоени а кои имаат активен и практичен карактер (можат да се користат и применуваат во животот и се изадигнат на степен на умеење и навики)

• **Воочување на знаењата и релација:** Природа - човек – стопанство
• **Усовршување на способностите за:**
- насочено внимание;
- воочување;
- брзо регистрирање детали и податоци;
- селективно воочување и бележење детали и податоци;
- самостојно мисловно размислување;
- заклучување;

• **Развивање:**

- љубопитност, досетливост, осет за проблемски ситуации, упорност и истрајност,
интерес за користење на дополнителни извори на знаења (литература, разговори со локално население и со стручни лица), свест за зачувување на природата, природните реткости и други материјални и духовни богатства.
• Оспособување за:
- поврзување факти и класификација на факти според степенот на знаење;
- самостојно учење;
- практична примена на знаењата во животот.

**- Воспоставување на пријателски односи и намалување на разлики, негување на другарски и хумани меѓусебни односи.**

Една од задачите на наставата во природа е и обликување на т.н. „кумулативна книга", во кои се застапени селектирани прилози што учениците ќе ги изберат врз сопствени критериуми. Тоа истовремено е и научно популарна книга од репродуктивен карактер.

**3. Избор, распоред и структура на содржините од наставната програма**

При планирањето и организирањето на Наставата во природа потребно е да се води сметка за опфаќањето на обработените теми и темите кои ќе се обработуваат во петто одделение при што појдовна точка е природно-научното подрачје, со интегрирање на останатите подрачја (македонски јазик, математика, природни науки, историја и општество, физичко и здравствено образование, музичко образование и ликовно образование).
Во продолжение се дадени содржини од кои може да се направи избор при реализирање, во зависност од потребите, можностите и интересите во паралелката.

**4. План на содржините (алтернативни решенија)**

**НАСТАВНИ ТЕМИ (подрачја):** Води во Р.С.М., Етнологија , Културно-историски споменици, Градби од минатото, Растителен и животински свет во Р.С.М., Спорт и рекреација, Култура, Сликање, Цртање, разонода и рекреација.

***Општество***
1. Одлики на животната средина и ориентација во неа:
* Природни особености на РСМ;
* Релјеф;
* Води.
Активности: набљудување на просторната ориентација во крајот во кој живее, пошироката околина, општината на географската карта;

2. Запознавање со основните природни и географски карактеристики во поширската околина во општината и нивното влијание на стопанството, културата и другите области во животот и работата на луѓето во локалната заедница.

3. Воспитание за животната средина
* Човекот ја чува и заштитува природата;
Активности: при набљудување ливадата да се остави чиста , како кога сме дошле на неа (собери ги отпадоците). Работата на луѓето во животната средина:
* земјоделец;
* индустриски работник;
* занаетчија;
* трговец;
* туристички работи.
Активности: Посета и разговор со луѓето од дадените занимања.

4. Спомениците - сведок на нашето минато:
* Градби од минатото и сегашноста;
* Ископини и остатоци;
* Споменици на културата;
* Спомен куќи и музеи.
Активности: Посета на локалитетот Стоби, црква, спомен куќа, музеј, набљудување и пишување на извештај;

***Македонски јазик***
1. Усно изразување:
 Содржини:
**♦♦♦ Раскажување по сопствено доживување;**
**♦♦♦ Известување за извршена задача, настан;**
**♦♦♦ Опишување по набљудување (растение, објект, локалитет, простор).**
Активности :
-Усно раскажување за сопствено доживување, со користење на разговорен стил;
-Усно известување за извршена задача, настан, со основни елементи на вест и информација; „Писмо до моите родители";
-Усно опишување на извршено набљудување, со разговорен стил;

2. Писмено изразување:
Содржини:
**♦♦♦ Раскажување на соствено доживување;**
**♦♦♦ Известување за извршена задача или настан;**
**♦♦♦ Пишување писмо;**
**♦♦♦ Опишување со набљудние (растение, објект, локалитет, простор).**
Активности:
-Пишување расказ за сопствено доживување, со користење на разговорен стил;
-Пишување извештај за извршена задача , настан , со основни елементи на вест и информација; „Писмо до моите родители"
-Пишување опис по извршено набљудување со разговорен стил.

***Математика***
1. Работа со податоци
Содржини:
**♦♦♦ Прибирање и средување на податоци;**

♦♦♦ **Читање и претставување на податоци.**
Активности:
-Прибирање на податоци за температурни промени во текот на престојот на терен;
-Изготвување на листи со табели и графикони за претставување и споредување на податоците.
2. Мерење
Содржини:
♦♦♦ **Време;**
♦♦♦ **Решавање текстуални задачи со примена на елементи на знаења од животната околина (птици, растенија, животни и сл.).**
Активности: Мерење на времето во минути и секунди на местење на кревети, мерење на времето од една дестинација до друга, активности во текот на денот.

***Физичко и здравствено образование***
1. Вежби за обликување на телото и движења и развој на моторичките способности
Содржини:
♦♦♦ **Комплекс вежби за големите групи на мускули на: вратот, рамениот појас, рацете, трупот, карлицата и нозете.**
Активности: Изведување на содржините при утринско вежбање.
2. Атлетика
Содржина:
♦♦♦ **Одење по нерамен терен и совладување на препреки.**
Активности: Прошетка до непосредната околина.
3. Излети
Содржини:
♦♦♦ **Излет со пешачење до 3 км.**

***Ликовно образование***
1. Цртање
Содржини:
♦♦♦ **Линија (разновидност на линии по карактер, статистички и динамични линии);**
♦♦♦ **Композиција (хоризонтала);**
♦♦♦ **молив.**
Активности, средства, мотиви:
Цртање по набљудување (стари градби, простор-надворешен; план блиску -далеку)

***Музичко образование***
Содржини:
♦♦♦ **Слуховно пеење на изучени песни ;**
♦♦♦ **Слуховно пеење на песни од детски фестивал.**

**5. Наставни методи и наставни форми**
♦♦♦ говорна метода, текст метода, метод на пишување, метод на практична работа;
5.1. Методски облици
♦♦♦ разговор, дискусија, анализа, синтеза.
• Методски постапки

♦♦♦ воочување, идентификација, издвојување, подредување, мерење, опишување, толкување, објаснување, споредување, класификација, воопштување, заклучување.

5.2. Форми
♦♦♦ заедничка, групна, индивидуална.

**6. Наставни средства**

♦♦♦ компаси, печатен материјал, енциклопедии, инструктивни текстови, проспекти, разгледници, слики, фото апатат, фотографии.

**7. Активности на наставникот и ученикот**

Активности на наставникот:

♦♦♦ планира бројност, обем и вид на активности;
♦♦♦ координира;
♦♦♦ соработува во изведување на активностите;
♦♦♦ води, следи, насочува;
♦♦♦ поттикнува, охрабрува, помага;
♦♦♦ стимулира поединци, нуди идеи;
♦♦♦ прифаќа идеи од ученици;

Активности на ученикот:

♦♦♦ набљудува;
♦♦♦ опишува;
♦♦♦ споредува;
♦♦♦ групира и класифицира;
♦♦♦ илустрира;
♦♦♦ известува;
♦♦♦ толкува;
♦♦♦ објаснува;
♦♦♦ заклучува.

**8. Следење и вреднување:**

♦♦♦ Квантум на знаења;
♦♦♦ Постапки на ученикот;
♦♦♦ Начин на комуникација;
♦♦♦ Прецизност во усното изразување;
♦♦♦ Стил и јазик на писмено изразување;
♦♦♦ Однос кон работата;
♦♦♦ Естетско обликување на трудот.

**9.Тек на сознајниот процес**

**9.1 Прва стратегиска етапа: Планирање на научно-наставна екскурзија**

♦♦♦ Планирање на наставните и вonнаставните активности;
♦♦♦ Запознавање со здравјето на учениците;
♦♦♦ Запознавање со навиките на учениците за самостојно извршување на активностите, за одржување на хигиената, облекувањето и исхраната;
♦♦♦ Социометриско мерење со цел да се стекнат сознанија кој ученик со кого сака да седи во автобус, да спие, да другарува и сл.;
♦♦♦ Давање напатствија (договор) за видот на активностите што ќе се извршуваат по патот и на терен;
♦♦♦ Давање напатствија за водење ученички дневник за време на престојот;
♦♦♦ Планирање на слободното време;
♦♦♦ Прибирање на потребен материјал и прибор за работа.

- **Оперативно планирање**

**Активности на наставникот:**

♦♦♦ Ги запознава учениците со изведувањето на наставно-научната екскурзија (време, место, маршута: КАДЕ?,КОГА?,КАКО?,);

♦♦♦ Ги запознава учениците со екскурзијата (ЗОШТО?,ШТО МОЖЕ ДА НАПРАВИМЕ И ДА НАУЧИМЕ?);
♦♦♦ Организира прибирање податоци и потребни материјали за работа на терен;
♦♦♦ Организира работни групи со конкретни барања (задачи) врз основа на прибрани податоци и материјали;
♦♦♦ Дели работни задачи;
♦♦♦ Ги објаснува индивидуалните задачи;
♦♦♦ Помага при избор на средства, материјали и прибор за работа.

**Активности на ученикот:**

♦♦♦ Прашува (бара објаснување);
♦♦♦ Врши анализа на работните задачи;
♦♦♦ Ги анализира средствата, материјалите и приборот за работа;
♦♦♦ Врши анализа на потребните податоци и материјали.

### 9.1.2.Инструирање

| Активности на наставникот: | Активности на ученикот: |
|---|---|
| ♦♦♦ Ги опишува и објаснува непосредните задачи;<br>♦♦♦ Посочува извори;<br>♦♦♦ Демонстрира употреба на средства; | ♦♦♦ Следи;<br>♦♦♦ Прашува;<br>♦♦♦ Ја поврзува целта со конкретни задачи;<br>♦♦♦ Селектира потешкотии и проблеми; |

### 9.1.3. Договор за работа во микро групи

| Активности на наставникот | Активности на ученикот |
|---|---|
| ♦♦♦ Ја истакнува специфичноста на задачите;<br>♦♦♦ Воочува можни потешкотии и проблеми во работата;<br>♦♦♦ Поттикнува соработка;<br>♦♦♦ Актуелизира искуства;<br>♦♦♦ Дискутира со учениците; | ♦♦♦ Анализира вид и обем на задачи;<br>♦♦♦ Предвидува постапки;<br>♦♦♦ Избира проблеми или вид задачи;<br>♦♦♦ Бара појаснување;<br>♦♦♦ Се консултира со наставникот и со другите ученици;<br>♦♦♦ Врши избор на посочени извори; |

### 9.2. Втора стратегиска етапа: реализација

| Активности на наставникот | Активности на ученикот |
|---|---|
| ♦♦♦ Контролира;<br>♦♦♦ Насочува;<br>♦♦♦ Поттикнува ;<br>♦♦♦ Прашува, потсетува;<br>♦♦♦ Разговара со секој ученик;<br>♦♦♦ Сугерира-се советува со секој ученик;<br>♦♦♦ Дискутира со целата група; | ♦♦♦ Чита;<br>♦♦♦ Мери;<br>♦♦♦ Брои;<br>♦♦♦ Запишува;<br>♦♦♦ Набљудува;<br>♦♦♦ Бележи;<br>♦♦♦ Споредува;<br>♦♦♦ Скицира;<br>♦♦♦ Дополнува сознанија;<br>♦♦♦ Систематизира;<br>♦♦♦ Заклучува; |

### 9.3. Трета стратегиска етапа: генерализација

| Активности на наставникот | Активности на ученикот |
|---|---|
| ♦♦♦ Прашува;<br>♦♦♦ Објаснува;<br>♦♦♦ Издвојува специфични проблеми;<br>♦♦♦ Воочува успешни трудови;<br>♦♦♦ Разговара за можни заклучоци и ставови;<br>♦♦♦ Воопштува сознанија; | ♦♦♦ Ја објаснува својата работа и постапките;<br>♦♦♦ Споредува свои резултати со резултати од свои другарчиња;<br>♦♦♦ Чита напишан текст (извештај,состав);<br>♦♦♦ Вреднува цртеж,писмен состав,песна и сл.;<br>♦♦♦ Се преиспитува и бележи сугестии;<br>♦♦♦ Дава оценка на своите постигнувања; |

### 9.4.Четврта стратегиска етапа: презентација

| Активности на наставникот | Активности на ученикот |
|---|---|
| ♦♦♦ Прашува;<br>♦♦♦ Пофалува;<br>♦♦♦ Разговара за изведените заклучоци и ставови;<br>♦♦♦ Воопштува сознанија; | ♦♦♦ Ја објаснува својата работа и постапките;<br>♦♦♦ Чита напишан такст (извештај,состав и сл.);<br>♦♦♦ Излага и образложува изведени заклучоци и ставови;<br>♦♦♦ Дава оценка за постигнатите резултати; |

**Организација на патувањето**

**Место на поаѓање : Пред училиштето**
**Време на тргнување : 8.00 часот**
**(Учениците да бидат на местото на поаѓање во 7:30 часот)**
**ВРЕМЕ на реализација:**
**Наставата во природа ќе биде изведена во месец мај 2023**
**МЕСТО НА РЕАЛИЗАЦИЈА: Рекреативно одморалиште „МИХАЈЛОВО"- Кавадарци**

**КОНКРЕТИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ТЕРЕНСКА НАСТАВА**

**ПОНЕДЕЛНИК**

**Поаѓање во 8.00 часот пред училиште.**

**МАРШУТА СО ПОПАТНИ ПОСЕТИ:**
Скопје- Велес- Кавадарци. Попатно се прави посета на локалитетот „Стоби" , каде се прави пауза за ужина и краток одмор. Патот го продолжуваме за селото Ваташа каде се посетуваат спомен куќата на Страшо Пинџур и Спомен обележјето за дванаесетте младинци стрелани за време на НОБ. Пристигнување во одмаралиштето во Михајлово, сместување, ручек, запознавање со околината во и околу одмаралиштето, запознавање со спортските терени и куќниот ред во одмаралиштето.

**19.00-20.00 вечера**

**20.15-21.45 претставување на учениците преку - Покажи што знаеш**

**21.50-22.00 подготовка за спиење**

**ВТОРНИК**

**07.00 будење**

**07.30-08.00 утринска гимнастика**

**08.00-09.00 појадок**

**09.30-12.30 Посета на вештачкото Тиквешко Езеро, како и ХЕЦ Тиквеш.** Разгледување на природните убавини на блиската околина. Запознавање со функцијата и значењето на хидроцентралата за регионот.

**13.00-14.00 ручек**
**14.00-16.00 одмор за учениците со задолженија пополнување на своите дневници, цртаат, читаат, активности околу прибирање и воопшто работа со податоци и сл. активности.**

**16.00-16.15 ужина**

**16.15-18.30 турнир во мал фудбал машки и народна топка-девојчиња**

**19.00-20.00 вечера**

**20.15-21.45 избор на најлуда фризура**

**21.50-22.00 подготовка за спиење**

**СРЕДА**

**07.00 будење**

**07.30-08.00 утринска гимнастика**

**08.00-09.00 појадок**

**09.30-12.30 Посета на Караулата која се наоѓа во близина на одморалиштето. Прошетка со разгледување на природните убавини во тој предел. Посета на Експерименталната шума во близина на одморалиштето.** Оваа шума е создадена од учениците со цел да се испита погодноста на почвата за успевање на разни видови растенија. Се собираат разни видови растенија со сите делови ( корен, стебло, лист, цвет) за изработка на хербариум. Собирање на разни видови инсекти за изработка на инсектариум.

**13.00-14.00 ручек**

**14.00-16.00 попладневен одмор**

**16.00-16.15 ужина**

**16.15-17.15 пополнување на своите дневници, изработка на хербариумот и инсектариумот**

**17.15-18.30 турнир во кошарка (машки и девојчиња)**

**19.00-20.00 вечера**

**20.15- 21.45 избор на најдобра маска**

**21.20- 22.30 подготовка за спиење**

**ЧЕТВРТОК**

**07.00 будење**

**07.30- 08.00 утринска гимнастика**

**08.00- 09.00 појадок**

**09.30- 12.30 Посета на градот Кавадарци и прошетка низ чаршијата.**

Општина Кавадарци — општина во јужниот дел на Повардарието, чии граници допираат до границата со Грција (Општина Меглен, Егејска Македонија). Голем дел од обработливото земјиште во општината е со лозови насади и Кавадарци е познат во Европа и светот.
Посета на Спомен костурницата - Спомен костурницата во Кавадарци претставува монументален

споменик кој симболизира стара македонска куќа која претставува вечен дом на паднатите борци. Во неа се сместени посмртните остатки на загинатите борци од Кавадарци, жртви на фашистичкиот терор од НОВ во периодот од 1941-1945 година, кои се наоѓале во непосредна близина на Кавадарци. Во нејзината внатрешност на гранитни плочи се испишани нивните имиња.
**Прошетка и посета на локални музеи и знаменитости.**

**13.00-14.00 ручек**

**14.00-16.00 попладневен одмор**

**16.00-16.15 ужина**

**16.15-17.15 пополнување на своите дневници, цртаат, читаат, активности со прибирање и воопшто работа со податоци и сл. активности**

**17. 15-18.30 активности во детскиот забавен парк**

**19.00-20.00 вечера**

**20.15-21.45 избор на најдобра изведба на песна и кореографија**

**21.50-22.00 подготовка за спиење**

**ПЕТОК**

**07.00 будење**

**07.30-08.00 утринска гимнастика**

**08.00-09.00 појадок**

**Подготовка за поаѓање. Патот продолжува за Скопје. Попатно се посетува фабриката Кожувчанка во с.Мрежичко и рибникот.**

**Изработка на програмата од одделенските наставници од петто одделение.**
**Учесници во екскурзијата:**
- **Наставниците - одделенски наставници во петто одделение**
- **Учениците од петто одделение**

**Стручен тим:**

**Павлина Трипуновска Директор ____________________**
**Борче Димитриевски Раководител на стручниот тим _______________**
**Моника Јаневиќ Предметен наставник _________**
**Ирена Павлоска Одделенски наставник _________**
**Весна Настоска Одделенски наставник ________________**
**Сузана Ангелова Одделенски наставник ________________**

**Реализатори:**

**-Светлана Карафиљкова – 5-1 одд.**
**-Верка Мијајлеска - 5-2 одд.**
**-Весна Настоска - 5-3 одд.**
**-Лидија Велковска- 5-4 одд.**

**Одговорен наставник: Весна Настоска**

Прилог 35

## ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ ЗИМУВАЊЕ

**Место: Крушево, хотелско сместување.**
**Одделение:** VI - IXодделение

### Планирање и организација

**ОБРАЗОВНО-ВОСПИТНИ ЦЕЛИ :**

- остварување на забавно - рекреативни и социјализациски цели
- развивање на различните интереси на учениците
- усвојување и проширување на односот во природата и општествената средина

**ОБРАЗОВНО-ВОСПИТНИ ЗАДАЧИ :**

- развивање на чуство за патриотизам, толеранција и соживот
- запознавање со познатите туристички центри во Македонија
- стекнување искуства од општествениот и социјалниот живот во одделни региони во Македонија
- развивање интерес и грижа за природата и практикување на еколошки навики
- стекнување културни навики во услови на групно патување и престојување во туристички центри
- потикнување и манифестирање на позитивни емоции, другарување и подршка, солидарност и подобро взаемно запознавање
- формирање на демократски ставови, социјализација, колективна заштита и стекнување на нови сознанија и искуства
- остварување на потребите за спортски активности, рекреација и создавање на култура за здраво живеење

**СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ :**

- општа физичка подготовка - најмалку две недели пред поаѓањето во училишната спортска сала ќе се организираат т.к.н.тренинзи за општа физичка подготовка на учениците кои ќе заминат на зимување, со посебен акцент на вежби за јакнење на долните екстремитети со цел да се обезбеди подобра адаптација на учениците за активностите што ги очекуваат при престојот на Пелистер
- комплетирање и проверка на исправноста на опремата за скијање
- теоретско предавање за: начинот на транспорт на багажот, опремата за скијање, сместување во автобусот и хотелот, предавање за текот на активностите поврзани со скијањето и воопшто со престојот на Крушево, техники на скијање

- обука за скијање:
    1. обучување на техниката на спуштање со плужење
    2. обучување на основна христијанија (свртување)
    3. обучување на широко паралелно свртување
    4. усовршување и повторување на техниката на широко паралелно свртување на нерамен терен
    5. усовршување на изучените техники на пострми падини
    6. теренско лизгање (возење) на подолги патеки со примена на совладаните техники и разни игри
    7. проверка и анализа на совладаните техники
    8. слободна изведба на совладаните техники

- посета на објекти од забавно-рекреативен карактер

**Носители на активностите:** учениците од VI - IX одделение и наставниците по физичко и здравствено образование

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Време на реализација и времетраење:** Јануари ( за време на зимскиот распуст ) / седум дена ( шест полни пансиони )

**Правци на патување:** Скопје- Крушево -Скопје.

***<u>ПЛАН НА ПАТУВАЊЕТО:</u>***

**Прв ден:** Поаѓање на групата од пред училишната зграда во 07.30 часот. Пристигнување во хотелот околу пладне, сместување. Ручек. Подготовки и одмор. Вечера и ноќевање.
**Втор - Шестти ден:** Планирани активности и исхрана на база полн пансион. Вечерта забава и ноќевање.
**Седми ден** Појадоки подготовка за напуштање на хотелот. Заминување за Скопје со попатни паузи. Пристигнување пред училиштето во попладневните часови.

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување, инструктор по скијање и лекар.
**Начин на финансирање:**Самофинансирање од страна на родителите.

**Стручен тим:**

**Павлина Трипуновска Директор ______________________**
**Борче Димитриевски Раководител на стручниот тим ________________**
**Моника Јаневиќ Предметен наставник _________**
**Ирена Павлоска Одделенски наставник _________**
**Лиле Јованчева Одделенски наставник _________________**
**Сузана Ангелова Одделенски наставник _________________**

**Прилог 36**

## ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ ЛЕТУВАЊЕ

**Место: во Охрид,  хотелско сместување.**
**Одделение:** VI - IXодделение

### Планирање и организација

**ОБРАЗОВНО-ВОСПИТНИ ЦЕЛИ :**
- остварување на  забавно - рекреативни и социјализациски цели
- развивање на различните интереси на учениците
- усвојување и проширување на односот во природата и општествената средина

**ОБРАЗОВНО-ВОСПИТНИ ЗАДАЧИ :**

- развивање на чуство за патриотизам, толеранција и соживот
- запознавање со познатите туристички центри во Македонија
- стекнување искуства од општествениот и социјалниот живот во одделни региони во Македонија
- развивање интерес и грижа за природата и практикување на еколошки навики
- стекнување културни навики во услови на групно патување и престојување во туристички центри
- потикнување и манифестирање на позитивни емоции, другарување и подршка, солидарност и подобро взаемно    запознавање
- формирање на демократски ставови, социјализација, колективна заштита и стекнување на нови сознанија и искуства
- остварување на потребите за спортски активности, рекреација и создавање на култура за здраво живеење

**СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ :**

- општа физичка подготовка - најмалку две недели пред поаѓањето во училишната спортска сала ќе се организираат т.к.н.тренинзи за општа физичка подготовка на учениците кои ќе заминат на летување, со цел да се обезбеди подобра адаптација на учениците за активностите што ги очекуваат при престојот во Охрид
- теоретско предавање за: начинот на транспорт на багажот, опремата за скијање, сместување во автобусот и одмoралиштето, предавање за текот на активностите поврзани со пливањето и воопшто со престојот во Охрид
- обука за пливање:
    - прилагодување на телото во вода и подготвителни движења

- завземање на положба на телото во вода и движење на нозете (горе-доле) со помош на партнер, со и без помагало
- движење на рацете со помош на партнер, со и без помагало
- техника краул - координирано движење

- посета на објекти од забавно-рекреативен карактер

**Носители на активностите:** учениците од VI - IX одделение и наставниците по физичко и здравствено образование

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Време на реализација и времетраење:** Јуни - Јули ( за време на летниот распуст ) / седум дена ( шест полни пансиони )

**Правци на патување:** Скопје- Охрид -Скопје.

***ПЛАН НА ПАТУВАЊЕТО:***

**Прв ден:** Поаѓање на групата од пред училишната зграда во 07.30 часот. Се патува преку Кичево. Пристигнување околу пладне, сместување. Ручек.
Подготовки и одмор.Вечераиноќевање.
**Втор - Шестти ден:** Планирани активности и исхрана на база полн пансион. Вечерта забава и ноќевање.
**Седми ден:** Појадоки подготовка за напуштање на хотелот. Заминување за Скопје со попатни паузи. Пристигнување пред училиштето во попладневните часови.

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување, инструктор по пливање и лекар.

**Начин на финансирање:**Самофинансирање од страна на родителите.

**Стручен тим:**

**Павлина Трипуновска** **Директор** ____________________
**Борче Димитриевски** **Раководител на стручниот тим** _______________
**Моника Јаневиќ** **Предметен наставник** _________
**Ирена Павлоска** **Одделенски наставник** _________
**Лиле Јованчева** **Одделенски наставник** ________________
**Сузана Ангелова** **Одделенски наставник** ________________

**Прилог 37**

## ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ КАМПУВАЊЕ

**Место: Пониква, сместување во одморалиште.**
**Одделение:** VI - IXодделение

### Планирање и организација

**ОБРАЗОВНО-ВОСПИТНИ ЦЕЛИ :**

- остварување на забавно - рекреативни и социјализациски цели
- развивање на различните интереси на учениците
- усвојување и проширување на односот во природата и општествената средина

**ОБРАЗОВНО-ВОСПИТНИ ЗАДАЧИ :**

- развивање на чуство за патриотизам, толеранција и соживот
- запознавање со познатите туристички центри во Македонија
- стекнување искуства од општествениот и социјалниот живот во одделни региони во Македонија
- развивање интерес и грижа за природата и практикување на еколошки навики
- стекнување културни навики во услови на групно патување и престојување во туристички центри
- потикнување и манифестирање на позитивни емоции, другарување и подршка, солидарност и подобро взаемно запознавање
- формирање на демократски ставови, социјализација, колективна заштита и стекнување на нови сознанија и искуства
- остварување на потребите за спортски активности, рекреација и создавање на култура за здраво живеење

**СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ :**

- општа физичка подготовка - најмалку две недели пред поаѓањето во училишната спортска сала ќе се организираат т.к.н.тренинзи за општа физичка подготовка на учениците кои ќе заминат на кампување, со цел да се обезбеди подобра адаптација на учениците за активностите што ги очекуваат при престојот на Пониква
- теоретско предавање за: начинот на транспорт на багажот, опремата за кампување, сместување во автобусот и хотелот, предавање за текот на активностите поврзани со кампувањето и воопшто со престојот на Пониква.

**Носители на активностите:** учениците од VI - IX одделение и наставниците по физичко и здравствено образование

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Време на реализација и времетраење:** Јуни - Јули ( за време на летниот распуст ) / пет дена ( четири полни пансиони )

**Правци на патување:** Скопје- Поникиа -Скопје.

***<u>ПЛАН НА ПАТУВАЊЕТО:</u>***

**Прв ден:** Поаѓање на групата од пред училишната зграда во 07.30 часот. Се патува преку Кочани. Пристигнување околу пладне, сместување. Ручек.
Подготовки и одмор.Вечераиноќевање.

**Втор - Четврти ден:** Планирани активности и исхрана на база полн пансион. Вечерта забава и ноќевање.

**Петти ден:** Појадоки подготовка за напуштање на одморалиштето. Заминување за Скопје со попатни паузи. Пристигнување пред училиштето во попладневните часови.

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, добри услови на сместување, инструктор по пливање и лекар.

**Начин на финансирање:**Самофинансирање од страна на родителите.

**Стручен тим:**

**Павлина Трипуновска** **Директор** ____________________
**Борче Димитриевски** **Раководител на стручниот тим** _______________
**Моника Јаневиќ** **Предметен наставник** _________
**Ирена Павлоска** **Одделенски наставник** _________
**Лиле Јованчева** **Одделенски наставник** ________________
**Сузана Ангелова** **Одделенски наставник** ________________

**18.07.2022** Директор

Скопје

______________________

МП

Павлина Трипуновска

Претседател на Училишен одбор

______________________________

Христијан Јанкуловски